

О.о.У.„КИРИЛ И МЕТОДИЈ„

С.Романовце- Куманово тел/факс.031 465181

**Sh.F,К,Kirili e Metodij,,f.Ramanli**

**e-mail oou.kiril.metodij@gmail.com**

**kiril.metodij@mail.net.mk**

---

## ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

S **ООУ„Кирил и Методиј г с. Романовце**
S **Период:** 2021-2022 **година**
S **Вид на училиштето: Основно општинско училиште**
S **Основач на училиштето: Општина Куманово**
S **Наставен јазик: македонски јазик и албански јазик**
S **Претседател на Училишниот одбор:** Ајредин **Целадини**
S **Директор на Училиштето: Скендер Рушити**
S **Адреса на училиштето: ООУ„Кирил и Методиј г с. Романовце**

---

S **Контакт: телефон:** тел/факс.031 465181 ооу.кирил.методијЖгмаил.цом

е-маил - кирил.методијЖмаил.нет.мк

---

## РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на член 147, став 5, од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.161 од 05.08.2019, Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ„ **„Кирил и Методиј г с. Романовце**, за периодот од 2020/21 И 2021 година до 2022 год. ја изврши самоевалуација на работата на училиштето.

1. **Вовед во самоевалвацијата на училиштето**
   **Самоевалвацијата** на училиштето е процес на систематско и континуирано

следење,анализирање и вреднување на
оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.
Во постапката на самоевалвацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :
S **Колку е добро нашето училиште?**
S **Како го знаеме тоа?**
S **Што може да направиме да бидеме подобри?**
Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во
функционирањето на училиштето.

**1.1. Цели на самоевалвацијата:**

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.
- Процесот на самоевалвација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

Самоевалвација на училиштето 2020 Ђ 2022 година
1.2. Процес на самоевалвацијата

**Шематски приказ на процесот на самоевалвација**

| |
|---|
| Формирање тим за самоевалвација |
| Примена на соодветни индикатори, методи и инструменти |
| Собирање податоци за состојбата на училиштето |
| Анализа на состојбата |
| Извештај од самоевалуацијата |

1. Изработка на училишен развоен план

Во текот на работата, тимот имаше средби и разговори со вработените во училиштето. Изврши проверка на потребната  документација и од неа користеше повеќе податоци. Спроведе анкети и интервјуа со ученици,наставници, директорот , педагог,  психолог  и родители.

Сите добиени податоци ги анализираше и врз нивна основа го донесе следниот извештај.Заизготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование,

Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДИЦ.
Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето,напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.

Воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно- образовниот процес.

Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка **добар.** Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

1. Наставни планови и програми
2. Постигнување на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима и односи во училиштето
6. Ресурси
7.Управување, раководење и креирање политика__

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува) според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.Придонес за ваквата донесена оценка

имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

**ПОДРАЧЈЕ: И НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

**Клучни јаки страни:**

- Наставата се организира и реализира согласно со наставниот план и програм за основното образование и се во согласност со МОН
- Успешно се применува инклузија за деца со посебни образовни потреби и се прават напори за соодветна работа со нив.
- Наставата ја реализира соодветен стручен кадар.
- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.
- Вон наставните активности се реализираат и стимулираат од страна на наставниците.
- Соработка со родителите и локалната заедница за успешно реализирање на наставни и вонnаставни активности.
- Реализирање на проекти кои промовираат демократски постапки мултикултурализам на однесување на учениците.
- Оптимално користење на постојната литература и материјално-техничките услови за работа вклучувајќи ја и ИКТ програмата.
- Учениците слободно и според своите афинитети заедно со своите родители избираат кој изборен предмет ќе го изучуваат.
- Работата на стручните органи е ефикасна.
- Наставници од сите наставни јазици имплементираат содржини од мултиетничноста на ниво на нивните планирања ( тематско и
дневно планирање, отворен час и др).

**Клучни слаби страни**

Немање на кабинетска настава по сите наставни предмети
Недостаток на Спортска сала(несоодветни услови за реализација на часовите по Ф.З.О)
Поголема ангажираност кај поедини наставници при изготвување на планирање

**Анализа на резултатите**

Во нашето училиште успешно се реализираат наставните планови и програми одобрени од МОН со одредени прилагодувања на индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите.
Сите видови на настава: задолжителна, изборна како и дополнителната и додатната настава се квалитетно планирани и реализирани
со исклучоци кај поедини наставници ,што им дава можност на учениците активно да се вклучат во нивна реализација без разлика
на полот, етничата припадност и разликите во способностите.

Соработката на училиштето со локалната средина се реализира преку активно вклучување на училиштето во средината и нејзино информирање за постигнатите резултати.
Во училиштето успешно се реализираат повеќе проекти кои им овозможуваат на учениците да применуваат демократски постапки при донесување на одлуки и разрешување на конфликти. Кај дел од наставниците се чувствува потреба од информатичка едукаци
Доколку во училиштето би се организирала кабинетска настава по сите наставни предмети би се создале услови за поквалитетна реализација на наставните планови и програми. Директорот и службата го

следат навременото предавање на  планирањата од наставниците,на нивната комплетност и квалитет. Пред почетокот на секоја учебна година ,училиштето изработува

-Годишна програма во која ги планира севкупните активности за реализација на наставните планови и програми како и за реализација
на вон-наставните активности.
Планирањата во одделенската настава се изработуваат тимски на состаноци на стручните активи. Се посветува внимание на грижата на здравјето преку следење на редовни систематски прегледи и стоматолошки прегледи.

Екскурзиите се однапред  планирани,добро организирани и анализирани.
Од направените анализи на јаките и слабите страни на училиштето може да се констатира дека  нашето училиште ги исполнува критериумите и стандардите на ниво добар.Од направената самоевалуација за подрачјето наставни  планови и програми тимот кој што беше вклучен донесе заклучок за вреднување со **ДОБАР.**
**Идни активности:**
1. Создавање просторни услови-училници
2. Изградба на фискултурна сала
3. Создавање на услови за кабинетска настава
4. Подготовка на програми за работа со ученици со ( ПП ) посебни потреби и поголема стручна подршка од страна на дефектологот
5. Обезбедување на нагледни средства и помагала за реализација на современа настава

Кој беше вклучен во собирањето на овие информации
Џемиле Саити -- наставник
Светлана Стојановиќ - наставник
Ѓултене Раими- педагог
Џемаледин Азири - одде. Наставник
Локман Муслии-родител

Воспитно образовниот процес  во  централно и подрачно училиште во оваа учебна  година   се одвиваше  во нормални  услови наставата  се следеше  со физичко присуство  со  придржување на пропишаните протоколи.
Планираната настава  во целост беше реализирана,со исклучок на часовите кои се поклопуваа со празниците , поради состојбата  со КОВИД 19  и  продолжување на зимскиот распуст .
План  и  програма и други воспитнио - образовни  активности  се реализирани  по  сите подрачја  до крај  на учебната година.
Сите ученици се преминати  во наредни  одделениа и на двата наставни јазика. Учениците одлично се вклопуваат,истражуваат , донесуваат заклучоци и го имаат совладано наставнот материјал   според своите способности и можности.
Во централно и подрачно училиште се евидентирани  вкупно 385ученика.  Во  **настава на македонски** јазик во централно училиште има евидентирано  вкупно 56 ученици, во подрачно вкупно 76 ученик, а во албански наставен јазик има евидентирано вкупно 253 ученик.

**ПОДРАЧЈЕ:    ИИ    ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Јаки страни:**

**Успехот на наставата на албански јазик**

| Одд. | Одличн и | многу добри | добр и | довол ни | Со 1 слаб | Со2 слаби | Среден успех | Оправ дани | Неоп авдан | Вкупн о |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Иа** | | | | | | | | - | - | - |
| **Иб** | | | | | | | | - | - | - |
| **ИИа** | | | | | | | | - | - | - |
| **ИИб** | | | | | | | | 40 | - | 40 |
| **ИИИа** | | 64 | | | | | | 40 | - | 40 |
| **ИИИб** | | | | | | | | - | - | - |
| **ИВа** | 8 | 4 | 3 | - | | | 4.24 | 110 | - | 110 |
| **ИВб** | 6 | 5 | 4 | - | | | 4.12 | 91 | - | 91 |
| **Ва** | 10 | 7 | 1 | - | | | 4.41 | - | - | - |
| **Вб** | 5 | 4 | 4 | 4 | | | 3.82 | 45 | - | **45** |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | |
| **ВИ а** | 3 | 7 | 5 | 2 | | | 3.58 | 12 | 20 | 32 |
| **ВИ б** | 11 | 5 | 2 | 1 | | | 4.38 | - | 16 | 16 |
| **ВИИ а** | 10 | 3 | 2 | - | | | 4.33 | 25 | 2 | 27 |
| **ВИИ б** | 9 | 5 | 2 | 1 | | | 4.29 | 18 | 3 | 21 |
| **ВИИИ а** | 8 | 3 | 1 | - | | | 4.46 | 2 | 5 | 7 |
| **ВИИИ б** | 5 | 2 | 3 | 3 | | | 3.65 | 16 | 11 | 27 |
| **ИЦ а** | 5 | 3 | 4 | 6 | | | 3.27 | 20 | 25 | 45 |
| **ИЦ б** | 8 | 3 | 3 | - | | | 4.50 | - | - | - |
| **вкупно** | **88** | **51** | **34** | **17** | | | **4.08** | **419** | **82** | **501** |
| **Вкупно** | | **190** | | | | | | | **501** | |
| | **Ученици** | | | | | 120 | 4.15 | | 754 | |
| | | | | | | | | **Изос.. по ученик** 1.98 | | |




**Успех на ученици по предметна настава на Албански јазик(**споредба**)**

| Одделение Албан,ја. | ИВа | ИВб | Ва | Вб | ВИа | ВИб | ВИИа | ВИИб | ВИИИа-ВИИИб | ИВ-ИЦ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Среден ус. 2020/21 | 3.73 | 4.53 | 4.50 | 4.67 | 4.25 | 4.21 | 4.46 | 3.92 | 2.85 - 4.32<br>3.83- 3,77 | **4.15** |
| Среден ус. 2021/22 | 4.24 | 4.12 | 4,41 | 3,82 | 3,58 | 4.38 | 4.33 | 4.29 | 4.46- 3.65<br>3.27- 4.50 | **4.08** |

Успехот на учениците во настава на македонски јазик во с. Романовце

| Одд. | одличи | Мног добри | добри | доволни | Со 1 слаба | Со2 слаби | Среден успех | Оправдани | Неоправдани | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **И** | | | | | | | | 44 | - | **44** |
| **ИИ** | | | 19 | | | | | 114 | - | **114** |
| **ИИИ** | | | | | | | | 85 | - | **85** |
| **ИВ** | 6 | 1 | - | | | | 4.66 | 63 | - | **63** |
| **В** | 4 | 2 | - | | | | 4.59 | 20 | - | **20** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВИ** | 4 | 1 | 3 | | | | 3.74 | 55 | 6 | **61** |
| **ВИИ** | 5 | 1 | - | | | | 4.07 | 16 | - | **16** |
| **ВИИИ** | 1 | 2 | - | | | | 3.71 | 10 | 15 | **25** |
| **ИЦ** | 4 | 1 | 2 | | | | 4.27 | 34 | 14 | **48** |
| **вкупно** | **24** | **8** | **5** | | | | | **441** | **35** | **476** |
| **Вкупно** | | **37уч** | | | | | **4.17**<br>**4.41** | | **476** | 149 |
| | | | **34 уч.** | | | | Изостан. по уче. 8.5 | | | |




**Успех на учениците по предметна настава на македонски јазик во Романовце** ( споредба)

| Одд.. | ИВ | В | ВИ | ВИИ | ВИИИ ИЦ | | **ИВ-ИЦ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сре. успех 2020/21 | 4.49 | 4.64 | 4.57 | 3.97 | 4.14 | 4.65 | **4.41** | **4.41** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сре. успех 2021/22 | 4.66 | 4.59 | 3.74 | 4.07 | 3.71 | 4.27 | **4.17** | **4.17** |

**ПОУ.,,Гоце Делчев,, с. Агино Село**

| Одд. | Одлични | Многу добри | Добри | довол ни | Со 1 слаб | Со2 слаби | Среден успех | Оправ дани | Неопр авдани | Вкуп но |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **И** | | | | | | | | - | - | - |
| **ИИ** | | 18 | | | | | | - | - | - |
| **ИИИ** | | | | | | | | 48 | - | **48** |
| **ИВ** | 3 | - | - | | | | 4.97 | - | - | - |
| **В** | 6 | 3 | 3 | - | | | 4.13 | 35 | - | **35** |
| | | | | | | | | | | |
| **ВИ** | 5 | 3 | 1 | - | | | 4.38 | - | - | - |
| **ВИИ** | 2 | 6 | | | | | 4.01 | - | - | - |
| **ВИИИ** | 3 | 7 | 2 | - | | | 4.08 | - | - | - |
| **ИЦ** | 5 | 5 | 3 | 1 | | | 4.01 | 7 | 12 | **19** |
| **вкупно** | **24** | **24** | **9** | **1** | | | | **90** | **12** | **102** |
| **Вкупно** | | **58 уч** | | | | | **4.26** | | **102** | **38** |
| | | ученици | | 61 | | | Изостан. по уче.1.34 | | | |




Успех на ученици по предметна настава - Агино Село
споредба

| Одд. | ИВ | В | ВИ | ВИИ | ВИИИ ИЦ | ИВ-ИЦ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Сре. успех 2020/21 | 4.20 | 4.50 | 4.25 | 4.24 | 3.90 - 4.50 | **4.25** |
| Сре. успех 2021/22 | 4.97 | 4.13 | 4.38 | 4.01 | 4.08- 4.01 | **4.26** |

S Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето
S Соработката на наставниците и ППС е на завидно ниво
S Постигнувањата на учениците се приоритет
S Стручното усовршување на наставниците овозможува примена на нови форми и методи во наставата и објективност во
S оценувањето
S Во училиштето постои документација за систематско и навремено следење и анализа на состојбата со успехот и постигнувањата на учениците по класификациони периоди, по одделенија, паралелки, наставни предмети и при преминот од една во друга учебна година;
S Сите ученици го завршуваат образовниот циклус;
S Многу мал е бројот на осипани ученици во текот на учебната година, а најчеста причина е преселба ;
S Нема ученици кои го повторуват одделението две години наназад;
S Средниот успех на учениците на ниво на училиште, две години наназад, е до 4,00 .
S Учениците и родителите навремено и редовно се информираат за постигањата и напредувањето на учениците од страна на наставниците
S Голем дел на наставниците успешно поминаа низа обуки во насока на следење на образовната технологија.
S Се зголемува бројот на ученици кои освојуваат награди на општински,регионални и државни натпревари скоро по сите предмети

S Во нашето училиште се изготвува акционен план за ПМИО
S Се организираат игри без граници во одд. настава каде учествуваат ученици од различни етникуми
S Се организираат часови за мултикултура во предметна настава.
S Се изготвува акционен план за ПМИО на тема ,,Традиција на народите во Р.Македонија,,
S Се организираат различни работилници со ученици од мешан етнички состав каде преку цртежи се негува ненасилно разрешување на конфликти
S Заеднички часови со примена на мултиетничност.
S Сите податоци се евидентираат во Е- дневник

**Слаби страни:**

- На ниво на училиштето наставниците дефинираат критериуми за оценување на ученичките знаења и постигнувања, се водат од Стандардите за оценување на ученичките знаења и постигнувања, но притоа немаме нивна целосна
имплементација
- Наставниците иако во голем број не поминаа обуки за работа со ученици со посебни потреби, не се доволно оспособени за работа со истите.
- Мотивирањето на учениците за постигнатиот успех и постигања и резултати од страна на училиштето е минимален и воглавно е на ниво на паралелка.

- Има мал број на наставници од предметна настава кои не применуваат нови методи и техники на оценување

- Недоволна ангажираност на родителите во активностите на училиштето
-Условите не задоволуваат во објектот.
- Незадоволува бројот на нагледни средства
- Немање доволен простор за ИКТ и ИКТ технологија

Врз основа на истражувањата, анкетите и одговорите добиени можеме да заклучиме дека:
Во нашето училиште целосно се опфатени сите деца од реонот на училиштето. Во училиштето исто така се опфатени и деца со потешкотии при следењето на успехот на учениците со посебни потреби поради нецелосно обучен наставен кадар.

Процентот на намалување на ученици е многу мал,а и тој е од оправдани причини поради преселба во друго место на живеење .
Повторување на одделението нема, а средниот успех на учениците е добар. Во нашето училиште учениците се навремено информирани за критериумите за оценување и оценети се навремено по сите предмети, а за
нивните постигања се информирани и тие и нивните родители.

Информирањето за успехот на учениците се врши по електронска
форма, родителски средби или индивидуални средби.
Учениците континуирано се оценуваат со бројчана и описно оценети.

Истите усно или писмено се мотивираат за постигнување поголеми резултати во учењето, а наставниците им помагаат во таа насока, иако  резултатите во поглед на ученичките знаења и постигнувања целосно не одат во прилог на истото.

**Следењето на постигањата на  учениците**

Се врши индивидуално од страна на наставниците според стандардите и критериумите изготвени од БРО, иако нецелосно  имплементирани. Врз основа на тоа наставниците водат сопствена евиденција. Има тенденција наставниците се повеќе да користат современи методи за следење и оценување како поткрепа на претходното.Се прават напори за поголема инволвираност на родителите кои не пројавуваат доволна заинтересираност за работата на училиштето како и за следење на постигањата и успехот на нивните  деца, а во насока на подобрување на општите постигања на ученичкиот успех. ОЦЕНКА ДОБРО.

**Идни активности:**

1. Примена на повеќе современи наставни средства кои ќе овозможат поквалитетна настава.
2. Анимирање на недоволно заинтересираните родители за нивно поголемо вклучување во воспитно Ђ образовната работа на училиштето.
3. Вклучување на учениците и родителите во уредувањето на училишниот двор и училишните простории со зголемувањето на нагледните средства и опременоста на училниците со компјутери.
4. Адаптирање на училници во кабинети за изведување на кабинетска настава.
5. Обезбедување на доволни услови (простор)за непречено изведување на наставата,а особено на физичкото  образование според наставните планови и програми
6. Подигнување на хигиената во училиштето на повисоко ниво.__

ТИМ КОЈ ЈА ИЗГОТВИ САМОЕВАЛУАЦИЈАТА - ПОДРАЧЈЕ ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ :

Илире Рамадани -- наставник
Марина Арсова  - наставник
Ѓултене Раими- педагог
Виолета Ковацевска-псиколог  -
Беса Јахиу - одде. наставник

**ПОДРАЧЈЕ: ИИИ УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

**Клучни јаки страни**
- Повеќето наставници изготвуваат планирања за работа со учениците
- Амбициозни наставници
- Наставниците користат современи методи, форми и техники на учење;
- Редовно и навреме ги известуваат родителите за напредокот на своето дете
- Училиштето е секогаш отворено за соработка со родителите
- На ниво на училиште има успешни модели на интеграција по предмети и наставни содржини
- Израотена веб-страна на училиштето
- Постојано следење на постигнувањето на учениците
- Се реализираат средби за соработка меѓу наставниците во мешан состав ( настава на македонски и албански јазик).

На истите се договараат за изработка на акциони планови за примена на ПМИО на редовна настава и воннаставните активности.Од тука се произлезени многу активности реализирани со ученици од мешан етнички состав.

**Клучни слаби страни:**

_ Недостаток на просторни услови како за учениците , така и за наставниците (материјални и нагледни средства на училиштето за реализација на наставата;
_ Нецелосно покривање со интернет мрежа
_ Недостаток од стручна литература за наставниците, лектири за учениците како и прирачници и материјали за работа со деца со посебни образовни потреби.

**Анализа на резултатите:**

Повеќе наставници изготвуваат навремени планирања за воспитно образовната работа, изготвуваат различни видови на планирања кои овозможуваат воспоставување корелација меѓу предметите кои се интегрираат и повремено
ангажирање на ученикот во решавањето на проблемите и задачите.
За збогатување на наставата во работата со учениците се користат интересни за учениците форми, методи и техники на учење кои му овозможуваат на наставникот да добие правилна слика за напредувањето на учениците во учењето и развојот.

Училиштето секогаш е отворено за соработка со родителите и за сите оние кои се заинтересирани за неговото работење.
Училиштето прави големи напори за подеднакво да ги стимулира и мотивира учениците од двата пола, и учениците

од различно социјално потекло преку воннаставни активности, промовирање и изложување на ученички трудови.  Оценка **МН. ДОБАР**

**Идни активности:**

1. Во поглед на покривањето со интернет  во училиште е
проблем во тој поглед затоа што немаат добра интернет комуникација
2. Подрачното училиште нема библиотека па постојано треба да обезбедува потребна литература од станатите училишта односно од централно училиште.
3. Битно да се каже дека треба да се обезбедат повеќе услови и материјални средства за работа со талентирани и  надарени деца

**ТИМ КОЈ ЈА ИЗГОТВИ**

**САМОЕВАЛУАЦИЈАТА**
**ПОДРАЧЈЕ УЧЕЊЕ И НАСТАВА :**
**Претседател на тимот:**
**Членови:** Несрине Латифи наставник,
Валентина Насевска  - наставник
Кадише Бајрами- наставник
Сулејман Џеладини-наставник
Ѓултене Раими-педагог

**ПОДРАЧЈЕ: ИВ ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Јаки страни:**

S Иформирање на родителите за напредувањето на учениците преку родителски средби,евидетни листови,сведителства;
S Редовни работилници на ППС со учениците на коишто им е потреба нивната помош
S Ангажираноста на наставниците и директорот за безбедноста и поддршката на учениците во училиштето
S Подеднака вклученост на сите ученици без разлика на пол,верата,нација и ПОП во активностите oраганизирани од страна на наставниците и училишто
S Разговор,соработка насочување на учениците во понатамошниот професиоален развој на учениците;
S Соработка со родителите и известување за отсуството на учениците од настава оправдано или неоправдано;
S Користење различни методи и форми за оценување на учениците;
S Почитување на Законот за осовно образование во однос на запишувањето на учениците во училиштето.
S Негување на мултиетничките односи во нашето училиште преку разни активности

**Слаби страни:**

S Поредовни работилници кои ќе придонесат повеќе за безбедноста на учениците
S Недоволно средства матријали за учениците со ПОП;
S Недоволни тимови кои се подготвени за гасење пожари,елементарни непогоди и сл..;
S Некултурно однесување од страна на неки ученици кон наставници
S Услови за изведување настава по ФЗО.

**Анализа на резултатите**

Од добиените резултати од анкетираните ученици,родители и наставници и разговорт со ППС и директорот, дојдовме до резултати дека учениците се доволно сигурни и безбедни во нашето учиулиште и ја добиват соодветната
поддршка од сите органи на нашето училиште.
Наставниците се доволно информирани и подготвени да им ја дадат подршката на учениците којашто им е потребна.Педагогот и психологот се секогаш подготвени да соработуваат со сите ученици на којашто им е
потребна нивата помош а исто така и со родителите преку соодветни работилници.

Директорот секогаш е подготвен за учениците да се чувствуваат безбедно и сигурно во училиштето.
**ОЦЕНКА ДОБАР**

**Идни активности:**
1. Поголема заангажираност на наставниците во однос на безбедноста на учениците за време на одморите.
2. Оддржување разни обуки ,семинари за безбедност и поддршка на учениците во училиштето.
3. Организација на работилници на теми поврзани со безбедност

**ТИМ КОЈ РАБОТЕШЕ: -**
**Елизабета Стоиловиќ НАСТАВНИК**
**Џемаледин Азири НАСТАВНИК ;**
**Ајредин Џеладини РОДИТЕЛ-**
**Буба Поповиќ -наставник**
**Виолета Ковацевска-психолог**

**ПОДРАЧЈЕ: ЕТОС**

**Јаки страни:**

S Пријатна атмосфера за работа меѓу раководниот кадар, педагошко-психолошката служба, наставниците и учениците
S Вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес, соработка на педагошко-психолошката служба со родителите и наставниците
S Отвореност на училиште за соработка со сите субјекти
S Промовирање на лични постигања на ученици и наставници
S Позитивни меѓуетнички односи меѓу наставниците, како пример за добри меѓуетнички односи меѓу учениците.__

**Слаби страни:**

S Немаме просторија за прием на родители, во дислоцираниот објект на спортски центар.
S Немаме доволен библиотечен фонд за задолжителни лектири(објект-спортски центар)
S Немање просторни услови , училници за соодветна настава
S Немање целосна покриеност на училиштето со интернет мрежа за изведување на ИКТ настава,
S Немање фискултурна сала за чаови по ФЗО.

**Анализа на резултатите:**

Во нашето училиште постои поволна позитивна училишна клима, дисциплината е на задоволително ниво со можност за уште поголемо зголемување во иднина,кодексот на однесување се почитува без

разлика на пол и етничка припадност.Голема соработка  постои со педагошко-психолошката служба која помага во изготвување на годишните програми како и од голема помош е на наставниците во реализацијана наставата.
Промовирањето на личните постигања на учениците е веќе појака страна на нашето училиште, учениците се мотивираат за  понатамошен напредок.

Училиштето води грижа за обезбедување еднаквост за сите ученици и правичен однос кон истите. Училиштето е секогаш отворено за внатрешни и надворешни соработници. Училиштето е отворено за соработка со родителите,
секој наставник е достапен за родителите во определен ден во неделата.
Оцена:Врз основа на извршената самоевалуација и добиените резултати тимот ЕТОС ја оценува работата на училиштето со
оцена **ЂДОБАР.**

**Идни активности:**
1. Обезбедување простор во објектот на спортски активности (училници, спортска сала, )
2. Обезбедување поголем библиотечен фонд на задолжителни лектири во истиот објект
3. Обезбедување просторија за прием на родители

Тимот на ЕТОС-
Џемиле Саити - наставник,
Шукрие Есади Ђ наставник
Ѓултене Раими- педагог
Виолета Ковацевска-психолог
Ленче Јосевска-наставник

**ПОДРАЧЈЕ: ВИ РЕСУРСИ**

**Јаки страни:**
S Две училишните објекти (училишниа зграда во центарот и подрачното училиште во село Агино село) ги исполнуваат барањата и одговараат на стандардите;
S Училишните простории обично се користи за редовна настава и вонннаставните активности;
S Постои интерна помош за квалитетна и функционална работа во планирање на програмите од страна на  наставниците и кај субјектите на програмите по Кембриџ.

S Вработените имаат стручна подготовка за извршување на работата и совесно ги извршуваат должности, редовни се и одговорно одат на работа, обуки, работилници и дисеминација;

Теми за обука на наставниот кадар се избрани во согласност со барањата и интересите на наставниците, така што се вклучени сите;
На наставник- почетник се дава максимална поддршка од професионален ментор, директор, наставниците и училишниот педагог и психолог;
Директорот и стручната служба постојано ја следат наставата, се консултираат и го советуваат наставниот кадар;
Финансискиот план и програмата на училиштето се доставува до училишниот одбор кои го контролираат и даваат идеи. За финансиското работење на училиштето на време се информираат: наставниците, родителите и
локалната заедница;
Управата на училишттето ги следи буџетските трошоци и на време им обезбедува на наставниците работен материјал;
Наставниците се секогаш присутни на работа

**Слаби страни:**

Училишната библиотека има недоволен број на лектири за задолжување и сиромашна стручна литература за наставниците, но истите се заведени во компјутер;
Недоволен број на училишна опрема и опрема за спроведување на современи наставни - проектори, интерактивни табла и др.
Во сите училници нема доволен број на компјутери во училниците и нема пристап до Интернет.

**Анализа на резултатите:**
Училишните згради во централното училиште и во подрачното училиште во село Агино село се задоволителни и ги исполнуваат барањата и стандардите кои одговораат на тие објекти
Сите училишни згради се изградени од цврсти материјали (бетон). Во текот на три објекти има доволен број на училници за наставниот процес.
Училишниот објект во с. Агино село нема кабинети техничка опрема, каде што наставниците може да го реализираат процесот на учење од страна на современите стандарди.
Училишните простории обично се користи за редовна настава и вонинаставните активности;
Училишната библиотека располага со доволен фонд да ги позајмите, материјали за читање, и слабо број на професионални литература за наставниците, но истите не се снимени на компјутер;
Училиштето секогаш настојува навремa да набавува потрошен материал за изведување на воспитно образовниот процес.
Вработените имат професионална подготовка за реализација на работата ,свесно и одговорно ги обавуват обврските,се редовни и одговорни во работата,посетуват обуки,семинари,десиминации
Темите за обука на наставниот кадар се во согласност со баранатаи интересите на наставниците така што сите да се вклучат;
Во училиштето постои организиран систем кога е отсутен наставник, постои можност да се замени со друг наставник
За наставник-почетник се дава максимална подршка од страна на менторот,психологот и педагогот.
Наставниците редовно присуствуваат на сите работилници спроведена од страна на БРО и други институции;
Директорот и стручната служба редовно ја следат наставата, се консултираат и даваат совети на наставниот кадар;
Финансиското работење се проверува редовно и во согласност со финансискиот план на училиштето;
Финансискиот план- програма на училиштето се доставува до училишниот одбор кои го контролираат и да даваат идеи.

За финансиското работење на училиштето на време се информираат: наставниците, родителите и локалната заедница;
Управата на училишттето ги следи буџетските трошоци и на време им обезбедува на наставниците работен материјал;
S Наставниците се секогаш присутни на работа;
**ОЦЕНКА ДОБАР**

**Идни активности:**

1. Зголемување на бројот на лектири за задолжување и стручна литература,
2. Обезбедување на поголем број на наставни средства и училишна опрема;
3. Приклучување на интернет до сите објекти, да се обезбедат иновации во наставата и учењето во процесот на модернизација;
4. Подобрување на условите за работа во целина
5. Поголема вклученост на приватниот сектор за подобрување на условите во училиштата;

**ИЗРАБОТИЛ ТИМОТ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО - ПОДРАЧЈЕ РЕСУРСИ**

Розета Спасовска - наставни,
Светлана Стојановиќ - наставник
Ѓултене Раими- педагог
Виолета Ковацевска-психолог
Локман Муслии

**ПОДРАЧЈЕ: ВИИ УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

**Јаки страни:**
S Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето;
S Соработката со сите субјекти во училиштето е добра;
S Во училиштето постојат услови за демократско одлучување;
S Училиштето ги прифаќа ставовите на родителите и учениците кои се однесуваат за развојот на училиштето
S Стручната служба во училиштето е поддршка за вработените, учениците и родителите

Вработените, учениците и родителите во потполност ги разбираат целите на училиштето, нивната намена и темелните вредности
- Еко - стандардите се промовираат во училиштето;
- Како приоритет се поставени постигањата на учениците и промовирањето на училиштето ;
- Во остварувањето на целите на училиштето се вклучени сите субјекти;
-Училишните простории адекватно се одржуваат и се на добро ниво од функционален, естетски и хигиенски аспект во сите;
- Стручното усовршување на наставниците овозможува примена на нови форми и методи во наставата и објективност во оценувањето;
-Наставниците се добро оспособени за работа со ученици со посебни потреби;
- Постојат индивидуални програми за работа со ученици со посебни потреби;
S Ненаставниот персонал им помага на наставниците во извршување на административни и други работи
S Финансиските средства се во функција на приоритетите на училиштето и воспитно - образовните цели;
S Библиотеката претставува добра поддршка на наставниот процес;
S Постојано се подобрува планот за осовременување на инфраструктурата.
**Слаби страни:**

Повеќе современи наставни средства кои ќе овозможат поквалитетна настава;

Условите за работа не задоволуваат во целост за современа наставаS Бројот на училишни простории во училиште на Спортски активности не задоволуваS Вклучувањето на учениците во уредување на училишниот двор,библиотеченфонд,нагледни средства и опременоста на училниците со компјутери;
Потреба од спортска сала во централно училиште
Библиотеката треба да се доопремува со лектири

**Анализа на резултатите:**

Раководството на училиштето има јасна визија за развој и напредок на училиштето, одговарајќи на барањата за  промени и иновации во образованието и е подготвено да обезбеди соодветни услови за реализација на учење во
образовниот процес.
Професионалниот развој на наставниците им овозможува примена на нови форми и методи напредавање и објективност во оценувањето. Наставниците и стручните соработници развиле индивидуални програми за работа со ученици со посебни потреби и се добро оспособени да работат со овие ученици. Сепак, целосната имплементација на вклучување на децата со посебни потреби може да се спроведе со целосно вклучување на  дефектолог во процесот н
Примената на современата образовна работа во училиштето е попречена од недостатокот на простории за учење   број на наставни средства и материјали и недоволниот број  на компјутери, лап-топ за секое дете и учебници по сите предмети. **ОЦЕНКА- ДОБРО**

ПРИОРИТЕТИ ЗА ИДНИНА
1. Опремување на училница со доволен број на компјутери во сите  училници .
2. Поголема вклученост на родителите во смисла на соработка со ППС, наставници и воннаставни активности во училиштето;
3. Доопремување на библиотеката со лектири и опремување .
4. Изагрдба  на спортска сала.

ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ВО ИДНИНА СОГЛАСНО ПРИОРИТЕТИТЕ ПО ПОДРАЧЈА

1. Создавање просторни услови-училници

2. Изградба на фискултурна сала
3. Создавање на услови за кабинетска настава
4. Подготовка на програми за работа со ученици со ( ПП ) посебни потреби и поголема стручна подршка од страна на дефектологот
5. Обезбедување на нагледни средства и помагала за реализација на поквалитетна настава и современа настава
6.Анимирање на недоволно заинтересираните родители за нивно поголемо вклучување во воспитно образовната работа на училиштето.
7. Вклучување на учениците и родителите во уредувањето на училишниот двор и училишните простории со  големувањето на нагледните средства и опременоста на училниците со компјутери.
8. Обезбедување на доволни услови (простор)за непречено изведување на наставата,а особено на физичкото   образование според наставните планови и програми.
9. Подигнување на хигиената во училиштето на повисоко ниво.
10. Приклучување на интернет до сите објекти, да се обезбедат иновации во наставата и учењето во процесот  на модернизација;
11. Поголема зангажираност на наставниците во однос на безбедноста на учениците за време на одморите.
12. Обезбедување просторија за прием на родители
13. Поголема вклученост на приватниот сектор за подобрување на условите во училиштата;

КОМИСИЈА КОЈА ЈА СПРОВЕДЕ САМОЕВАЛУАЦИЈА ВО УЧИЛИШТЕТО
ИМЕ И ПРЕЗИМЕ

1. Џемаледин Азири-наставник
2. Ѓултене Раими- педагог
3. Виолета Ковацевска- псохолог
4. Џемиле Саити- наставник
5. Илире Рамадани- родител

**Училиштето има воспоставени и законски статутни правила и обврски, Кодекси на однесување и прилагоден Куќен ред и правила заоднесување за време на пандемијата кои се почитуваат од сите субјекти во нашата воспитно-образовна институција со што**
**комуникацијата е на високо ниво. Комуникацијата меѓу директорот, педагогот, наставниците и административно-техничкиот персонал воконтинуитет тече непречено. Направени се напори за поуспешна електронска комуникација меѓу вработените и педагошката служба која**
**резултира со современа и брза размена на податоци.**
**Училиштето ги истакнува потребните информации за наставниците во наставнатаканцеларија, за родителите (времетраење на часовите, приемни денови на наставници итн.) на огласните табли во училиштето но и навлезните врати за родителите да се информираат додека не работи училиштето, а учениците сите потребни информации можат да гипрочитаат на огласните табли на секоја училница. Училиштето ги користи и Наставничките и Одделенските состаноци за информирање**

на тековни работи кои ја опфаќаат работата на училиштето но со нагласка дека одлуките од работата на Училишниот одбор треба да се подостапни до вработените и родителите.
Целокупниот наставен и ненаставен кадар се карактеризира со доблест и одлична интерперсонална комуникација. Исто такакомуникацијата со учениците се одвива непречено, но во некои сегменти треба да се унапреди.
Во рамките на воспоставената комуникација, училиштето успешно соработува со претставници на МОН; БРО; ДПИ, ДИЦ и локалната самоуправа но соработката со бизнис секторот и невладините организации треба да се интензивира со цел подобрување на материјално
техничките услови на училиштето што ќе резултира со подигнување на нивото на успешност на наставата. Сепак, наставниците и родителите сметаат дека истата треба подобро да се менаџира, а општината, како наш основач да обезбеди повеќе наставни и нагледни
средства (ЛЦД проектори, лаптопи и смарт табли).
Училиштето остварува соработка со голем број организации, како Сојузот за грижи и воспитување на децата на Република Македонија ,
Црвениот Крст на Македонија и Центар за социјална работа, како и културно–историски институции (музеи, театри, археолошкилокалитети...) итн.
културно – образовни активности, а особено е значајна соработката во рамките на професионалното информирање и ориентирање на
учениците.

**Клучни јаки страни**
▪ Вклучувајќи ги и членовите на УО постои континуирана, взаемна и многу добра вербална и невербална, усна и пишана комуникација помеѓу раководството и наставниот, ненаставниот кадар и останатите вработени во училиштето.
▪ Постои одлична соработка со одделенските/класните раководители и учениците.

▪ Се користи електронската пошта за современа и брза размена на информации.
▪ Редовно се ажурира ФБ и веб страната на училиштето со сите потребни информации и фотографии.

▪ Се поттикнува промоцијата на училиштето и достигањата на учениците во училиштето, во други институции и медиумите .
▪ Се промовираат талентираните ученици.
▪ Училиштето ја проширува постоечката комуникација со училишта од општина .

Слабости

▪ Училишниот одбор да го подобри протокот на информации до вработените.

▪ Училиштето да обезбеди потранспарентен проток на информации од својата работа, но и од сите училишни комисии, групи и
тимови.

▪ Училиштето да ја подобри интернет врската во училиштето.

▪ Училиштето треба да најде начин за подобро и поуспешно себепромовирање.

▪ Училиштето треба да ја унапреди својата комуникација и соработка со чинителите на локално, регионално и државно ниво со цел
подобрување на работата на училиштето (обезбедување на опрема и нагледни средства)

**Идни едукативни активности:**

• Иницирање и поттикнување за транспарентен проток на информации од страна на Училишниот одбор
• Обезбедување на услови и начини за проток на информации од страна на училишните комисии, групи и тимови.
• Да се обезбеди стабилна интернет врска за реализација на онлајн комуникацијата подеднакво во сите училници во училиштето.
• Да се интензивира соработката на училиштето со Советот на родители за поуспешно себепромовирање
• Пронаоѓање на начин и соодветна стратегија за поуспешно и посеопфатно промовирање на постигнувањата на училиштето.
• Училиштето да ја зајакне и унапреди комуникацијата и соработка со чинителите на локално, регионално и државно ниво со цел
подобрување на работата на училиштето во однос на обезбедување на современа опрема и нагледни средства.

Директор

Скендер Рушити